

НУБ 'Св. Климент Охридски'
СКОПЈЕ
K
II 313815
02009007379
COBISS ©



Илија Петрушевски е роден 1941 година во С. Лешок. Дипломирал на Природно - математичкиот факултет, Група географија во Скопје, 1965 година. Во 1969 година се вработува во Народната и универзитетска библиотека Св. Климент Охридски во Скопје, а оттаму се пензионира во 1999 година.

Автор е на трудовите: "Македонија на стари мапи", "Македонија на мапи од II до средината на XIX век, "Зборовник на микротопонимите во североисточниот дел од Долни Полог", "Географски топонимиски речник на Р. Македонија" (двата речника заедно со Николина Петрушавска), "Библиографија Македонија на карти", "Каталог на картографската збирка во НУБ" (завршен 1994) истиот останал во ракопис бидејќи библиотеката не го издала, "Лешочкиот манастирски комплекс" (заедно со Бранислав Светозаревиќ),"Селото Лешок Тетовско" и "Разурнати и неразурнати манастири и цркви во Полог .

Настапувал на Македонската радио и телевизија, има објавено повеќе статии и во списанија, негови писма и написи честопати се објавувани во дневните весници "Нова Македонија" и "Дневник", а написи од негови искажувања се забележани во неделните списанија "Македонско сонце", "Македонија", "Нова жена","Старт"и "Феникс", во периодот од 2001 до 2003 година.

По раскажувањето на Илија, тој во 1995 година, е прегазен од моторно возило на пешачки премин од возачот Игор Ангелески и останал доживотен инвалид со делумна одземеност на долните екстремитети. По тужба на Јавниот обвинител, како што раскажува Илија, судијата Снежана Бајлозова, од нејзини познати причини, условно го казнува возачот со што му била навредена, понижена и незадоволена личната сатисфакција. Но тој не се препушта на инвалидноста, туку продолжува со истражувачка и творечка дејност.

ИСЧЕЗНАТИ СЕЛСКИ НАСЕЛБИ И СЕЛА СО ПРОМЕНЕТИ ИМИЊА ВО ПОЛОГ

Илија Петрушевски
Ilija Petrushevski

# ИСЧЕЗНАТИ СЕЛСКИ НАСЕЛБИ И СЕЛА СО ПРОМЕНЕТИ ИМИЊА ВО ПОЛОГ

# DISSAPEARED RURAL SETTLEMENTS AND VILLAGES WITH CHANGED NAMES IN POLOG